03-426/11
30.09.24

# ДОГОВОР

## За постапка со преговарање без објавување на оглас бр. 93-П/2024

ДОГОВОРНИ СТРАНКИ:

1.Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о.-Скопје, застапувано од В.Д. Директорот Нуредин Фетаи дипл.правник, во понатамошен текст како Договорен орган.

2. **ДПТУ Пацифик Петролеум, увоз-извоз ДООЕЛ Скопје**, застапувано од Управител Ерџан Сулкоски, во понатамошен текст како Економски Оператор.

Член 1

Предмет на набавката е: Екстра лесно гориво за греење (греење на асфалтни бази и парно греење), за потребите на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о.- Скопје **по постапка со преговарање без претходно објавување на оглас бр. 93-П/2024.**

Член 2

Составен дел на овој договор е Понуда се усвоени цени од Комисијата за јавни набавки по постапка со преговарање без објавување на оглас бр. **93-П/2024** за набавка на Екстра лесно гориво за греење (греење на асфалтни бази и парно греење).

Член 3

Вредноста на договорот е

| Ред. Бр. | Опис | Единица мерка | Количина | Вкупна цена без ДДВ изразена во проценти (%) | Понуден рабат (намалување) изразен во проценти (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Екстра лесно гориво за греење (греење на асфалтни бази и парно греење) | литар | 1 | 100 | 0.00 |
| **Вкупна цена изразена во проценти** *изнесува (со букви) сто проценти* | | | | | |
| **Понудениот рабат (намалување) во проценти (%)** *изнесува (со букви) нула проценти* | | | | | |

Вкупната вредност на договорот без ДДВ ќе изнесува не повеќе од **120.000.000,00** (стодваесетимилиони) денари или **141.600.000,00** (сточетириесетиеденмилионишестотинииљади) денари со вклучен ДДВ.

Основната цена ќе биде формирана согласно Одлуката за определување на највисока цена на одделни нафтени деривати на седници на Регулаторна комисија за енергетика на Република Северна Македонија.

До колку за време на испораката дојде до каква и да е промена во однос на цената, Економскиот оператор навреме писмено ќе го извести Договорниот орган, фактурирањето ќе се врши според новата цена, односно цената на денот на испораката на горивото.

Конечната вредност на овој Договор ќе се утврди по доставување на целокупната количина на Екстра лесно гориво за греење ( греење на асфалтни бази и парно греење) а количината во литри е зависна од цените кои се менливи,според цените утврдени од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија и понудените трошци, а во рамки на проценетата вредност на набавката, односно не повеќе од 120.000.000,00 ден. без вклучен ддв.

Член 4

Економскиот оператор е должен да обезбеди банкова гаранција во висина од 5% од вкупната вредност на договорот за квалитетно извршување на договорот со вклучен ддв, со денот на потпишување да достави во Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о.-Скопје.

Банковата гаранција треба да има важност до целосно реализирање на договорот, односно до исполнување на договорот вредносно или количински.

Член 5

Испораката на Екстра лесно гориво за греење ( греење на асфалтни бази и парно греење), предмет на овој Договор ќе ја врши Економскиот оператор со специјални возила наменети за таков вид на товар (цистерни со мерни инструменти) франко, краен крисник – подружница, односно по диспозиција и динамика определена од Договорниот орган.

Договорниот орган е должен по писмен пат да го извести Економскиот оператор за потребните количини, и диспозицијата на испорака и тоа најмалку еден ден пред испораката.

Екстра лесно гориво за греење (греење на асфалтни бази и парно греење) ќе се испорачува до подолунаведените диспозиции и тоа:

-Асвалтна база во: Лепенец (Скопје)

-Асвалтна база во: Битола -с.Кукуречани-Битола

- Асвалтна база во: Велес-ул Скопски пат бб-Велес;

- Асвалтна база во: Штип-магистрала А4 на 10 км,

- Подружница Автопат-Петровец,с.Петровец

- Подружница Скопје-ул. Кеј 13-ти Ноември бр.76

- Подружница Битола-ул.Ѓуро Ѓаковиќ бр.12-Битола

- Подружница Велес-Велес, ул Скопски пат бб-Велес

- Подружница Штип-Штип, ул. Партизанска бр.29-Штип

Член 6

Економскиот оператор е должен да го испорача горивото на денот кој е назначен на писмената диспозиција од Договорниот орган.

Член 7

Плаќањето на испорачаната количина на гориво Договорниот орган е должен да ги врши одложено во рок не покус од 60 дена од датумот на фактурата.

Како ден на испорака се смета денот што е впишан во документот што ја следи стоката.

Член 8

Економскиот оператор е должен со фактурите да достави и примерок од испратница за испорачаната количина на крајниот корисник – Подружница.

При изготвување на фактурата, носителот на набавката е должен да ги наведе следите елементи:

Назив на договорениот орган, место, седиште, даночен број.

Број и датум на договорот.

Количини со описот на стоката, дефинирани како во член 3 од Договорот.

Единечна договорна цена.

Вкупна цена на фактурата.

Валута на плаќање.

Рок на испорака на фактурата.

Прилог кон фактурата уредно заверена и потпишана испратница.

Член 9

Економскиот оператор е должен да испорачува гориво –Екстра лесно гориво за греење ( греење на асфалтни бази и парно греење), кое ќе поседува квалитет во склад со Правилникот за квалитет за течни гасови (Сл.весник на Р.С.М. бр. 88 од 13.07.2007 год.како и надополнување на истиот од 23.07.2007 год. како и сите измени и дополнувања на правилникот. Стандардите за квалитет на течните горива,што се предмет на оваа набавка треба да бидат во согласност со Правилникот за квалитет на течни горива и потрбно е да биде задоволен стандардот МКС Б.Х2.430 или еквивалентно.

Член 10

Договорниот орган може да ги рекламира количините на испорачаните стоки кај Економскиот оператор и тоа во рок од 3 дена од пристигнувањето на стоката од истовареното превозно сретство.

Економскиот оператор ќе ја разгледа рекламацијата и најдоцна во рокод 8 дена ќе го извести Договорни страни.

Испораката ќе се врши со автоцистерни опремени со вграден волуметар, за чија исправност испорачателот се обврзува да обезбеди валидни документи и жиг од надлежни институции.

Предмет на рекламација ќе биде разлика поголема или помала од 0,2% помеѓу деклапираната количина по волуметарот на автоцистерната на местото на истовар.Набавувачот е должен да изготви записник за разлика меѓу деклалираната и испорачана количина.

До колку испорачаните деривати не ги задоволуваат техничките карактеристики и стандардите во член 9 од овој Договор , договорот ќе биде раскинат .

Член 11

Договорот започнува да важи од денот на неговото склучување, **и важи 24 (дваесетичетири)** месеци, или до испонување на количината или пак вредносно наведена во член 3 од овој договор.

Член 12

Договорните страни се ослободуваат од одговорост за преземените обврски по овој договор во случај, настани и околности што се предизвикани независно од волјата на договорните страни, а што го отежнуваат или оневозможуваат исполнувањето на договорот.

Член 13

Како случаи и околности настанати независно од волјата на договорните страни се сметаат : војна, воени дејствија, мобилизација, штрајк, пожар, поплави, земјотрес, сообраќајни и други катастрофи, акти на органте на власта, акти или такви нарушувања на пазарот кој во значителна мера че го оневозможи континуирано снабдување со нафтени деривати и во други случаи што непосредно влијаат врз извршување на обврските.

Член 14

Рекламација што се однесува на испораките со кусок треба да му се достават на Економскиот оператор по писмен пат во рок од 5 дена од испораката до Договорениот орган.

Доколку Економскиот оператор не го почитува договорот, истиот ќе биде раскинат, и ке биде активирана банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот.

Член 15

За евентуални спорови кои нема да се решат спогодбено, надлежен е Основниот суд Скопје 2 во Скопје.

Член 16

Овој договор е направен во 6(шест) еднообразни примероци, од кои по 3(три) за секоја договорена страна.

ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР
ДПТУ Пацифик Петролеум-Скопје
Управител

Ерџан Сулкоски

ДОГОВОРЕН ОРГАН
Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о.
В.Д. ДИРЕКТОР

Нуредин Фетаи дипл.правник

Изработил С.Стоимирова
Контролирал М.Георгиевска